Мане,

не успеаав да го најдам Георгиевски,

Се консултирав со Бранислав Синадиновски

ставот на Партијата е дека го осудуваме тој чин од страна на Грција,сметаме дека е во координација со Белград и е поврзан со настаните во Босна,

ја осудуваме нашата власт која навреме не превзема конкретни чекори и изнајде патишта пред се за набавка на нафта бидејќи оваа блокада беше најавувана од поодамна,

Бараме од Европската заедница да изврши притисок врз Грција поради ваквиот недемократски чин кој се противи со сите меѓународни договори и принципи.

Со конкретно соопштение ќе излеземе утре.

Соопштението ќе ти биде испратено.

Утре ќе се консултирам и за тоа дали ќе превземаме акции, организирање демонстрации и слично.

Технички секретар на КСИО
Зоран Петрески

# Еден од основачите на ВМРО ДПМНЕ: Оние кои Мицкоски ги разреши направија огромна штета на Македонија

ВМРО – ДПМНЕ денес го прослави својот роденден, само ден по бурната вечер каде што на ИК беа разрешени неколку видни членови на партијата.

„ВМРО-ДПМНЕ е голема партија и секогаш и во минатото не само сега имало такви случки каде што влегувале луѓе кои што очигледно не и мислеле добро на партијата и добро е што претседателот Христијан Мицкоски смогна сили да расчисти со тоа крило кое што за жал тоа што го работеа ќе има долги последици кон Македонија:

Ќе одиме напред за доброто на партијата, за доброто на Македонија, изјави Мане Јаковлевски еден од основачите на ВМРО-ДПМНЕ, кој присуствуваше на прославата по повод Денот на македонската револуционерна борба во Македонскиот народен театар.

http://pogled.mk/eden-od-osnovachite-na-vmro-dpmne-onie-koi-mitskoski-gi-razreshi-napravija-ogromna-shteta-na-makedonija